# FOREVER

N. MACEDONIA

Февруари 2021 | Број 232



## БИДЕТЕ ОДГОВОРНИ ПРВО КОН СЕБЕ СЍ!

Стефан и Тања Стаеви

## ЗА НОВ ПОЧЕТОК И ПОДОБРА ИДНИНА

Rex Maughan

## ЛИДЕРСТВОТО НОСИ ОДГОВОРНОСТ

Gregg Maughan




# Лидерството носи одговорност



**Првите неколку месеци од годината носат чувство за нов почеток и за период на обновена енергија. Но, тие се и кулминација на сите одлични нешта за кои многумина од вас работеа, како квалификациите за Глобално рели и Chairman's Bonus. Тоа е и моментот кога објавуваме кој ќе учествува во Глобалниот лидерски тим во претстојната година.**

Повеќето сопственици на Форевер бизнис се запознати со членовите на Глобалниот лидерски тим (ГЛТ) и нивната активност, но некои од вас можеби не ја препознаваат нивната важна улога во нашиот бизнис. Тие не се само луѓето кои генерираат најмногу бодови или имаат најголем бизнис. Членовите на ГЛТ помагаат за усовршувањето на нашите политики и ја даваат насоката во која компанијата се движи. Тие се гласот на сите СФБ во светот и со својата работата го инспирираат и поддржуваат целото Форевер семејство. Многу сум воодушевен што оваа година ќе имаме шест нови членови во ГЛТ и што во него се враќаат некои од долгогодишните лидери.

Глобалниот лидерски тим е олицетворение на сè што е можно да се постигне, кога секој ден се стремиш да си сè подобар лидер. Се надевам дека кога гледате или лично присуствувате на обука на некој од членовите на ГЛТ, можете да се претставите самите себе си како ги водите и инспирирате другите со вашиот пример. Сепак, патот по кој тие стигнале до успехот многу наликува на патот што се протега пред вас. Сите започнуваме од едно исто место. Форевер предлага една иста можност на секого. Начинот на кој ја користите таа можност го определува вашиот успех. Лидерството и стремежот со кои работите ја диктираат насоката на вашиот бизнис.

Посветеност. Напорна работа. Интегритет. Овие три квалитети се задолжителни за да биде човек добар лидер, а ако некој од нив недостасува, основите на вашиот бизниса ќе бидат нестабилни. Независно дали вашата мрежата се состои од еден човек, од сто или илјада, секогаш треба да мислите за примерот што им го давате. Затоа треба да го градите бизнисот по највисоките етички стандарди, придржувајќи се до Деловната политика и насочувајќи го вашиот тим да го прави истото.

Се надевам дека без оглед што се надевате да постигнете во 2021-ва, една од целите кои ќе ги запишете ќе биде да сте силен лидер. Бидете лидерот кој вие самите би сакале да го следите. Ставете ги другите на прво место и секогаш бидете спремни да ги насочите и да им помогнете.

Нашиот маркетинг план е најдарежливиот во бранашта. Има моќ да трансформира животи и да ги зближува луѓето во духот на тимската работа и заедништвото. Форевер секогаш ќе ги наградува тие што работат за да го развијат потенцијалот кај другите и секој ден се трудат да станат сè подобри лидери. Прифатете го предизвикот и еден ден ќе бидам горд да ве поздравам и да ве претставам како член на Глобалниот лидерски тим на Форевер.

**Продолжете со насмевките,**



**Gregg Maughan**
Претседател на
Форевер Ливинг Продактс



# За нов почеток и подобра иднина



**Во тек е уште една година во Форевер и иако веќе не е јануари, не е доцна да ги поставите своите цели и да размислите за сѐ што сакате да постигнете во 2021-ва. Всушност новиот почеток не е поврзан само со првите денови на годината, тој може да се случи во секое време.**

Кога нештата не врват, секогаш имате можност да започнете одново и да одделите време да си направите список со цели – мали и големи. Обидете сѐ да си ги претставите во живо вашите мечти и да си направите план како да ги остварите.

Ако сѐ уште не сте поставиле цели оваа година или пак сте поставиле, но не се движите со предвиденото темпо, никогаш не е доцна. Можете да добиете интензитет побрзо отколку што мислите. Ако на почетокот си поставите за цел да постигнете ниво Менаџер, може таа да ви изгледа само како теорија и патот до неа да е нејасен. Но со тек на времето, како работите за нејзино постигнување, ќе започнете да го гледате напредокот и нејзиното постигнување ќе станува сѐ пореално. Пред да сфатите, пред вас се отвараат нови можности и вашите цели се развиваат и растат. Она што започнува како цел да постигнете ниво Менаџер, се претвора во план да станете Менаџер ОРЕЛ. Планот да се квалификувате за Глобално рели се трансформира во стремеж да добиете чек од програмата Chairman's Bonus.

Важно е да запомните дека постигнувањето на дадена цел не значи дека сте ја преминале целта и можете да седнете да одморите. Секоја од вашите цели ве турка напред и собира поголема инерција за следната етапа во вашиот живот. Дури и поставувањето на мала цел денес, ако сте подготвени само за неа во моментот, ќе ве натера да постигнете поголеми на долгорочен план. Додека размислувате што сакате следно да постигнете, не заборавајте да одвоите време за да погледнете назад на сѐ што веќе сте постигнале. Додека поставувате нови цели и ги правите списоците со обврски, не го пропуштајте и списокот со веќе направеното.

**АКО СЀ УШТЕ НЕ СТЕ ПОСТАВИЛЕ ЦЕЛИ ОВАА ГОДИНА ИЛИ ПАК СТЕ ПОСТАВИЛЕ, НО НЕ СЕ ДВИЖИТЕ СО ПРЕДВИДЕНОТО ТЕМПО, НИКОГАШ НЕ Е ДОЦНА.**

Овој список ќе ви помогне да ги пребродите моментите на сомнеж, кога се чувствувате презаситени или дека некоја цел е недостижна. Многупати ме слушнале како велам дека големите достигнувања се состојат од безброј мали победи по патот. Запишувајте ја секоја од нив.

Не секоја седмица или месец ќе оди по план. Ќе има моменти кога за малку нема да постигнувате некоја од целите или ќе сфатите дека не се движите со потребното темпо за да ја остварите. Наместо да се обесхрабрувате или да си мислите дека планот за годината нема да успее, вратете сѐ на списокот со направените работи и запомнете дека тешкотиите никогаш не се толку страшни како што изгледаат во моментот.

Независно дали сѐ уште не сте започнале со целите за 2021-ва или веќе сте на пат, секогаш има можност за нов почеток ако ви треба. Прифаќајте ги новите почетоци знаејќи дека секогаш има нова цел кон која се стремите, и нова шанса да ги поздравите сите можности кои ви претстојат.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на Форевер Ливинг Продактс

# Forever Active Pro-B™

## Поддршка за дигестивниот систем






Пружете му поддршка на вашето тело со најновите достигнувања во науката и новите клинички проучувани соеви на пробиотици. Дизајниран за поддршка на здрав дигестивен систем, Forever Active Pro-B™ содржи низа пробиотички соеви од Универзитетската болница во Копенхаген која е лидер во областа на гастроентерологијата.

Со соодветната мешавина на 6 различни соеви, Forever Active Pro-B™ обезбедува 8 милијарди CFU во капсула. Овие соеви беа истражени и избрани врз основа на нивните корисни својства, клиничките истражувања и нивната способност да функционираат во синергија. Оваа формула вклучува и пребиотички влакна за одржување на пробиотиците при складирање, транспорт и испорака до цревата.

Пребиотиците обезбедуваат идеална средина за пробиотикот да функционира и да напредува. Избраното пребиотичко влакно е фрукто-олигосахарид со краток ланец, за кое е познато дека ја поддржува ферментацијата на корисните бактерии содржани во формулата на Forever Active Pro-B™.

Додадовме цинк во формулата за да обезбедиме уште еден слој за поддршка на вашиот имунитет. Студиите покажуваат дека цинкот промовира здрав имунитет и ја  поддржува функцијата на метаболизмот.Дајте му на вашето тело напредна дигестивна поддршка со клинички проучени состојки со Forever Active Pro-B™!

Производот не содржи глутен.

# Бидете одговорни прво кон себе си!



Речиси секое обраќање во последните месеци редовно започнува со посебното време во кое живееме. И од очекувана привремена состојба, овој посебен период речиси стана константа, а ние некако се привикнавме на ограничувањата и правилата што нѝ ги наметна. За многумина рестриктивните услови на живот станаа разновидни нови можности. Променетите потреби на луѓето иницираа и промена во нивниот став и тие сè повеќе ја прифаќаат можноста која ние можеме да ја предложиме. За нас пак останува да ги надминеме ограничувањата кои сами си ги наметнуваме и да разговараме. Да разговараме со луѓето секојдневно, самоуверени и со широка насмевка, бидејќи сите сме убедени во квалитетот на производите и неверојатната бизнис можност на Форевер. А на околностите не треба да гледаме како на пречка, бидејќи се исти за сите. Разликата е во начинот на кој ги перципираме и подготвеноста да реагираме адекватно на секоја промена.

Животот и претходно беше полн со пречки и предизвици. Да, на прв поглед можеби предвидливи, но всушност предодредени од рутината која нѝ даваше сигурност и мир. И сепак секој наоѓал сопствен пат и сили да надмине сè, независно од големината и значењето. Значи имаме сила да се справиме, сè додека сме мотивирани, флексибилни и прилагодливи.

Преиспитајте ги своите цели за претстојната година, поминете ги сите мали чекори кои сте ги опишале во планот и отстранете ги сите сомнежи во вашиот успех, обидувајќи сè да ги разгледате работите од друг агол. Времето е нестандардно, нели? Затоа барајте нестандарден пристап, испробајте нови начини, споделувајте. Ставот дека ќе се справите со секој чекор и ќе ја освоите секоја цел, всушност ве води многу поблизу до резултатот. Ако ја смените рамката, сликата ќе изгледа сосема поинаку.

Преземете одговорност за сопствениот успех. Вие сте творецот на сопствената среќа, успех, благосостојба. Треба да ги земете работите во раце и да делувате. Ако само изјавувате дека ќе започнете на пример да разговарате со пет луѓе на ден за бизнисот со Форевер, но од утре, од понеделник, во летото или на 15-ти септември, салдото на крајот на годината ќе биде нула. Меѓутоа, ако преземете одговорност и започнете да работите упорно и трпеливо, резултатите ќе бидат неверојатни. Знаеме дека ова што ви го кажуваме не е големо откритие, но исто така знаеме дека е точно и важи за секоја област од животот и ви посакуваме да бидете одговорни прво кон себе сѝ.

Не се плашете да ризикувате! Стравот и тревогата не се добри советници. Да се прашувате дали нешто ќе проработи за вас или не, или пак долго да размислувате за последиците од конкретно дејство или неактивност, само ќе ви го изгубат времето, бидејќи ништо во животот не доаѓа без цена. Одете по непознати патеки и откривајте нови прекрасни можности. Така го откривте и Форевер! Дали сте ги слушнале неверојатните истории на нашите сопственици на Форевер бизнис чии животи се промениле со Форевер? Тие се толку многу и толку инспиративни! Отворете ги уште денес веб-страницата на компанијата и прочитајте ги статиите во месечните списанија, гледајте ги сите филмови кои се таму публикувани и пронајдете ја вашата инспирација, но не го одложувајте ниту за секунда успехот со Форевер!

И, ако за момент мислите дека ја губите насока, споделете! Форевер е заедница и секогаш ќе најдете поддршка, ќе слушнете слична историја или искуство. Така ќе најдете друга перспектива, различна рамка, нова смелост и мотивација!

**Засекогаш Ваши,**



**Стефан и Тања Стаеви**

Генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија

# Преиспитајте го вашиот концепт за успех





**Секој се стреми кон успех. Да се чувствувате остварено и да ве перципираат како успешни е сон што се протега ширум целиот свет. Сепак, толку многу луѓе сè уште се борат кога станува збор за дефинирање на тоа што значи успех за нив лично.**

Ако не го дефинирате успехот под ваши услови, тогаш може да трчате по туѓа верзија на успех. Се разбира, постојат заеднички поими за успех, како да поседуваш сопствен дом, да имаш убав автомобил и да имаш финансиска слобода да патуваш и да имаш време за себе и семејството.

Но, постојат и мерила за успехот кои бараат да размислувате подалеку од парите. Кога последен пат сте размислувале за работи кои ве прават среќни сега, во моменталната финансиска ситуација? Ова е добро прашање кое треба да си го поставите, бидејќи ако не знаете што ве прави среќни без пари, вие нема да ја најдете среќата кога ќе имате пари.

Авторот и истражувач на Харвард, Shawn Achor во својата книга "The Art of Happiness" напишал дека луѓето кои ја имаат среќата како приоритет пред финансиската добивка, многу поверојатно е дека ќе постигнат традиционален поим за успех.

Она што го откри Achor и неговиот тим истражувачи е дека парите не ја купуваат среќата. Тоа е би-производ на водење посреќен живот во моментот. Ако тоа можете да го направите, вие сте на пат да постигнете каква било идеја за успех која ја прифаќате.

## Како се менува дефиницијата за успех денес

Во минатото, постоењето на стабилна работа што можевте да ја задржите со години и да напредувате беше многу честа визија за успех. И зошто да не? Ова беше одржлив пат кон сопственост на домот, финансиска стабилност и квалитетен семеен живот.

Но времињата и пазарот на трудот се менуваат. Нашата брза технологија и интернет-културата им нудат на луѓето повеќе од секогаш можности да станат претприемачи и да имаат животен стил кој не е заглавен од девет до пет часот. Ова исто така го менува начинот на кој луѓето гледаат на успехот.

Не е сè во платата, позицијата или имотот. Луѓето денес го мерат успехот во однос на личното исполнување, рамнотежата во работниот живот, слободното време, флексибилноста и личниот развој. Ако обично не ги гледате овие работи како мерило за успех, можеби е време да започнете. Можеби сте веќе поуспешни отколку што мислите, или подалеку од патот отколку што сфаќате.

## Како можете да го преобликувате личниот концепт за успех

Патувањето кон успехот е лично. Во денешниот свет повеќе од кога било сме бомбардирани со слики и поими за тоа како треба да изгледа успехот. Но, дали тоа одговара на животот кој го сакате? Со промена на начинот на размислување и искреност кон себе за тоа што е важно лично за вас, можете да го преобликувате вашиот концепт за успех. Кога ова ќе го направите успехот ќе стане заокружена слика за постигнување, развој и задоволство.



## 1. Квалитетот на вашата работа:

Размислете за вашата работа и тоа не во однос на вашата плата или звање, туку според тоа каква разлика правите во животите на другите. Дали им помагате на луѓето да ги решаваат проблемите и да станат попродуктивни? Можеби ги поврзувате клиентите со производи кои вистински го подобруваат квалитетот на нивниот живот. Без оглед со која работа се бавите, размислете за доброто што го правите за луѓето околу вас, како би добил смисол вашиот живот.

## 2. Флексибилност:

Способноста да се балансира вашиот личен и професионален живот е важно мерило за успехот. Да имате слобода да работите од дома или да поминувате повеќе време правејќи го она што го сакате или да бидете покрај луѓето кои ги сакате, е бесценето.

## 3. Личен развој:

Кога последен пат размисливте колку израснавте на личен и професионален план во изминатите неколку години? Ако вашиот ум е оптоварен со тоа каде сакате да бидете, лесно ќе заборавите на сите работи кои сте ги направиле за да станете попаметни, поискусни и посигурни. Сите вештини кои сте ги развиле на вашиот пат, знаењето што сте го стекнале и луѓето што сте ги прифатиле во вашиот живот, се сите важни мерила за вашиот личен успех.

## 4. Избегнете ја замката за споредба:

Денес повеќе од кога било, лесно е да се зафатите со споредбената игра. Без разлика дали гледате телевизија, прелиствуате списание, шетате по улица или прелиствуате на социјални медиуми, не можете да избегате од идејата за успех што другите ја внесуваат во светот.

Кога ќе го видите пријателот на Фејсбук како објавува слики од нов автомобил, луксузна вечер во градот, одмор на Карибите или неговата совршена врска, лесно е да се измери вашиот живот наспроти неговиот. Но помага да се запамети дека она што го гледате е некој што ги споделува најдобрите делови од својот живот. Не претпоставувајте дека животот на некој друг е совршен. Тие веројатно се соочуваат со многу од истите предизвици со кои и вие се соочувате. Бројот на “лајкови” на социјалните мрежи не е мерило за тоа колку вашиот пријател е навистина исполнет и среќен.

Ако се пронајдете себе сѝ во игра за споредување, одморете сѐ од социјалните мрежи и поминете малку време правејќи нешто во што уживате.

Споредувањето на себе сѝ со другите само го замолчува вашиот внатрешен глас, оној што знае што навистина ви е потребно да се чувствувате успешни. Кога тоа ќе се случи, ќе продолжите да следите туѓа верзија на успехот, еднонасочен пат кон разочарување.



# Како ќе го дефинирате вашиот успех?

**Дали ќе го прифатите предизвикот да ги ставите среќата и личното исполнување на прво место и да запомните дека успехот не мора да биде трка до врвот? Патувајте со сопственото темпо и со личен концепт за успех. Останете верни на себе и искористете го максимумот од вашето патување.**

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

## МЕНАЏЕРИ



Палева Стојаноска Ана
Сулејмани Бејтуле
Ќосеви Голуба и Костадин

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕРИ



Аговска Маја
Ставрова Марија
Шљупкова Јулијана

## СУПЕРВИЗОРИ



Ангеловска Билјана
Блажевска Љубица
Георгиевска Сања
Милчевски Марио
Стеванова Јадранка
Сулејмани Солидар
Томовска Герасимовска Тања
Тренчевска Татјана

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Ајроја Леонора
2. Албина Асани
3. Али Денире
4. Анчевска Емилија
5. Антевска Ивана
6. Арсовски Бранко
7. Атанасов Сашко
8. Атанасовска Спасеска Маја
9. Аврамоска Светлана
10. Аврамовски Љупчо
11. Бакрески Оливер
12. Белацапоска Христина
13. Божиновска Емилија
14. Буки Садије
15. Велкоска Марица
16. Вешовска Наталија
17. Глаткова Гордана
18. Гоцевска Жаклина
19. Гулија Матеа
20. Димиќ Иваноска Оливера
21. Димитриевиќ Нина
22. Димитриевска Нада
23. Димова Ана
24. Димова Марина
25. Дивјакоска Марија
26. Дивјакоски Михаил
27. Ѓорческа Фани
28. Ѓорѓиева Румјана
29. Ѓорѓиевска Ратка
30. Ѓоргиевски Митко
31. Ѓуровска Светлана
32. Ѓуровска Татјана
33. Зафировска Дијана
34. Зероски Методија
35. Илмихат Лимани Муслиу
36. Јакчулева Анастасија
37. Јанчева Силвана
38. Јанчева Радица
39. Јаковлески Томче
40. Јованоска Соња
41. Јованова Елизабета
42. Јовановиќ Ивона
43. Јовановска Христина
44. Јовановска Славица
45. Јузмеска Маја
46. Каили Беина
47. Кавидовска Катица
48. Кимовска Лилјана
49. Коцевски Ивица
50. Колева Киријана
51. Кондоска Фросина
52. Костовска Ивана
53. Ковачовска Марија
54. Лазаревска Жаклина
55. Маџароски Пецо
56. Мазлами Саќибе
57. Мехмед Мерве
58. Михаилова Афродита
59. Михајловски Мартин
60. Милчиноска Славка
61. Миленкоска Зорица
62. Миновска Христина
63. Младеновска Тамара
64. Момироска Симона
65. Најдовска Јасмина
66. Науноски Слободан
67. Никчевски Емил
68. Николеска Давчева Маре
69. Николовски Надица
70. Пашоски Димче
71. Паскова Нојкова Андријана
72. Пердуловска Мирјана
73. Петковиќ Александра
74. Петрески Весна
75. Петрова Магдалена
76. Попова Катерина
77. Пулевска Лилјана
78. Ралева Билјана
79. Реџепи Нуртен
80. Сабиха Вата
81. Саити Зехра
82. Саќипи Леонора
83. Савовска Габриела
84. Секулова Марија
85. Севдинов Марјан
86. Силјаноска Звезда
87. Спасовска Марија
88. Спиридоновска Маја
89. Спироска Александра
90. Стаменковска Гордана
91. Стефановски Славче
92. Стојчева Сашка
93. Стојчевска Маја
94. Стојчевски Филип
95. Сулејмани Исмаил
96. Талески Целе
97. Танеска Весна
98. Темелкова Сотирова Маја
99. Темова Андријана
100. Тодорова Верица
101. Томашевски Драги
102. Трајчевска Розе
103. Трајковски Маја
104. Цветановска Светлана
105. Цветковска Розе
106. Цокузовска Валентина

## Forever2Drive - ниво 1

Давитков Горан

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1



Атанасовска Корнелија
Велковска Љупка
Јовановска Даница
Јонческа Мирјана
Кочова Магдалена
Тодоровска Јована

### Клуб 4 – ниво 2



Костадинова Марија
Палева Лидија
Поптрандова Дана
Спасовска Весна

## ТОП 10 -2020 година

1. Др.Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Стевица Димовска
4. Вера Златковска
5. Елена Гелевска
6. Катерина Трајчевска
7. Слафко Михајловски
8. Блага Крстеска
9. Жарко Георгиевски
10. Младен Димовски

## ТОП 10 -декември

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Елена Гелевска
3. Стевица Димовска
4. Горан Давитков
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Катерина Трајчевска
8. Слафко Михајловски
9. Блага Крстеска
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Горан Давитков
2. Стевица Димовска
3. Вера Златковска
4. Елена Гелевска
5. Др.Роза Гелевска
6. Славица Донакова
7. Голуба Ќосева
8. Бејтуле Сулејмани
9. Линдита Амити
10. Јулијана Шљупкова

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.